

И се обраќаме на македонската јавност, на сите македонски патриоти и демократи, како внатре во распарчената и поделена татковина, така и ширум емиграцијата



И се обраќаме на македонската јавност, на сите македонски патриоти и демократи, како внатре во распарчената и поделена татковина, така и ширум емиграцијата

П Р О Г Л А С
за формирање

ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО

1. ВМРО – ДПМНЕ ќе работи за национално и територијално обединување на распарчениот македонски народ во самостојна национална држава во рамките на обединета Европа, во која македонската нација може единствено да ги оствари своите права во целосна демократија и да си обезбеди забрзан и сеопшт стопански напредок, што секогаш била благородна цел на сите македнски патриоти кои се бореле и умирале за една слободна и независна Македонија.
2. ВМРО –ДПМНЕ е против секакво тоталитарно владеење. Таа се бори за целосни граѓански права и слободи и смета дека тие права можат единствено да се остварат во парламентарната демократија.
3. ВМРО-ДПМНЕ како партија која извира од народот и му припаѓа на народот е против секаков вид македонски врховизам и против него се бори во духот на илинденскиот идеал на македонскиот народ, но со демократска форма на политичка борба.
4. ВМРО-ДПМНЕ е за духовно, национално, политичко и економско обединување на сите Македонци без разлика во која држава тие живеат,а тоа обединување го прави врз илинденскиот идеал. Токму затоа ВМРО – ДПМНЕ и се разликува од сите други македонски партии и движења, кои со македонското обединување само манипулираат во предизборните програми.
5. ВМРО –ДПМНЕ е за помирување на сите Македонци кои ќе останат да дејствуваат во духот на бесмртниот илинденски идеал. ВМРО-ДПМНЕ прифаќа соработка само со македонски партии и движења на кои им е туѓ секаков предавнички врховизам.
6. ВМРО-ДПМНЕ е за вклучување на Република Македонија во рамноправна соработка со сите републики во Југославија, соработка со сите балкански држави и за создавање на Балкан без граници и заедничка балканска економска програма.
7. ВМРО-ДПМНЕ е должна да побара од СР Србија повлекување од македонската територија, која се наоѓа незаконски присвоена во границите на СРС и САП Косово, вклучувајќи го тука и манастирот Прохор Пчински, кој има историско значење за македонскиот народ.

- 2-

8. ВМРО-ДПМНЕ е за промена на сојузниот Устав и Уставот на СРМ и вградување на правото на самоопределување до отцепување, со право за сврзување со други народи во случај на формирање балканска конфедерација, уставно право за издавање македонски пасоши, промена на името од СРМ во Република Македонија, изработка на национално знаме и грб на цела Македонија, а се залага и за тоа без одобрување на македонската влада - сојузната влада во Белград да не може да воведе вонредна состојба во Македонија.
9. ВМРО-ДПМНЕ се залага Македонците од пиринскиот, Егејскиот и македонскиот дел што се наоѓа под Албанија, секогаш во Македонија да бидат третирани како Македонци, а не како странски државјани.
10. ВМРО-ДПМНЕ е за строго почитување на македонскиот јазик во согласност со Уставот на Македонија и негова употреба во сите видови комуникација на територијата на Вардарска, Пиринска и македонскиот дел под Албанија, а на другите етнички групи да им се дозволи изучување на својот мајчин јазик во согласност со меѓународните договори и обврски.
11. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за отворање македонски училишта во сите републики во СФРЈ каде што живее македонско население,како и во егејскиот, пиринскиот и македонскиот дел под Албанија. Доколку се спротиветави Белград, Софија, Атина и Тирана да им се врати со реципроцитет и со отфрлање на нивните јазици.
12. ВМРО-ДПМНЕ се залага за отворање на македонски училишта и во источноевропските земји каде што живеат голем број Македонци за оформување на културно-уметнички друштва и комитети за човечки права во тие држави и за соработка со сите македонски асоцијации во светот и изработка на заеднички светски адресар.
13. ВМРО-ДПМНЕ е за слободно враќање на сите македонски политички емигранти, кои во минатото беа погрешно прикажувани пред македонската јавност и третирани како непријателска емиграција. Македонските патриоти, кои со години се бореа за Слободна и Обединета Македонија, никогаш не можат да бидат оквалификувани како непријателска емиграција на татковината. Таа ќе ги вложи сите свои материјални средства и професионални знаења за економска, политичка и национална преродба на татковината и нацијата.
14. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага македонските независни организации "Илинден", ВМРО - независна од Софија и ОМО "Илинден" од Пиринска Македонија да ги регистрира во Европскиот парламент за човечки права во Стразбург и меѓународниот форум во Женева.

- 3 -

15. ВМРО-ДПМНЕ е за законско враќање на украдените икони,црковни книги, културно-уметнички и археолошки богатства украдени од страна на Бугарската егзархија, Српската патријаршија и грчките фанариоти ( андарти), од нивните попови и владици. Одземање на приватните колекции што денеска ги имаат поединци во СРМ.

16. ВМРО-ДПМНЕ е за преиспитување на личноста на Лазар Колишевски, неговата улога и работа од 1940 година до денес и откривање на сите модерни јаничари, изроди, изроди и предавници на СРМ, кои работат против својот - македонски народ.

17. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага секогаш македонските легитимни претставници да го поставуваат македонското прашање пред сите меѓународни форуми, се до Обединетите Нации и директно да учествуваат во преговорите со Грција, Бугарија и Албанија за решавање на македонското прашање.

18. ВМРО-ДПМНЕ ќе се бори за поништување на Букурешкиот договор од 1913 година и на сите други договори со кои се поробува и распарчува Македонија.

АЛБАНЦИ,ТУРЦИ,РОМИ, ВЛАСИ И ДРУГИ НАРОДНОСТИ НА МАКЕДОНИЈА!

И Вие сте деца на Македонија. И Вие имате право на слободен национален развиток и на демократски живот. Македонија е и Ваша татковина. Затоа, нејзината иднина е еднакво значајна и за Вас. ВМРО-ДПМНЕ смета дека е верна на Илинденскиот манифест од 1903 година и се залага за братство и рамноправност меѓу сите народности во Македонија. ВМРО-ДПМНЕ зема свечена обврска дека македонската држава во идната конфедерација на сите народности во Македонија ќе им ги гарантира националните права кои се предвидени во резолуциите на Обединетите Нации и Хелсиншката конвенција. ВМРО-ДПМНЕ смета дека Македонија не е загрозена од своите народности, туку од своите империјалистички соседи. Среќата на македонскиот народ е Ваша среќа. За тоа приклучете се ВМРО -ДПМНЕ, која оди по сопствен македонски пат и нема да Ве одведе во волчјите усти на балканските империјалисти.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ!

Свести се! Разбуди се! Народната песна за џабе не пее дека други знаат за тебе, но ти самиот не знаеш што си, што бараш?! Патот е само еден . Тоа е патот на конфедерацијата. По тој пат тебе те ќ води ВМРО-ДПМНЕ. Сите други патишта те водат во нови врховизми, те водат кон нови предавства и нови национални катастрофи. Затоа, приклучи се на ВМРО-ДПМНЕ! Нема да бидеш изневерен!